Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 12. 12. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6242/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, емитуван на 10 ноември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

- **Член 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (знакот за идентификација на радиодифузерот мора да се емитува најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програмата)

***Забелешка:*** *Надзорот е направен по службена должност на Агенцијата*

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, емитуван на 10 ноември 2014 година, е констатирано **прекршување на член 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Во анализираното деноноќие, радиодифузерот не го истакнува знакот за идентификација кој треба да се емитува најмалку еднаш во текот на еден реален час од радио програмата. Знакот е емитуван само еднаш во текот на целото деноноќие, во периодот од 20:53:15 до 20:53:26 часот.

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, емитуван на 10 ноември 2014 година, не се емитува знакот за идентификација на радиодифузерот најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програмата.

***Сектор за програмски работи***

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*12.12.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на членот 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

***Сектор за правни работи***